Балканскиот регион, што ги вклучува Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Романија, Србија (вклучувајќи го Косово), Црна Гора и Македонија, во минатите десет години се најде во ситуација на дестабилизација и транзиција. Домашните и меѓународните напори значително придонесоа за надминување на овој период. Сепак, и покрај овие напори, ситуацијата и понатаму останува деликатна.

Граѓанското општество во регионот останува слабо, за навремено и ефективно одговарање на потребите на целните групи. Систематскиот развој на граѓанското општество и неговата улога, посебно во однос на јавниот сектор останува слаба. Соработката меѓу јавните институции и ГО се уште не може да гарантира непристрасна распределба на улоги и ресурси. Капацитетите на ГО за соработка со медиумите како битен актер и канал за комуникација со јавноста и нивната поддршка се слаби. Вмрежување, размена на информации, искуства, застапување и лобирање како и други видови на меѓусекторска и прекугранична соработка се мали, односно се на ад-хоц ниво. Кон обидите за соработка и координација се пристапува со недоверба. Во ситуација на намалување на финансиската поддршка, ГО се гледаат како конкуренција. Постоечката прекугранична соработка е ограничена и разделена врз база на исти донатори, методологии и сектори на дејствување. Вмрежување со ГО и мрежи надвор од регионот е исто така слабо, посебно со тие во ЕУ земји (со исклучок на односи со донатори).

Целта на овој проект беше да ги подобри меѓуграничната и меѓусекторската соработка помеѓу граѓанските организации во ЈИЕ преку подобрување односи со локални заедници/јавноста

Целна група беа БНТ членките (ACSF, DA - Албанија, МЦМС - Македонија, PF, WAD - Бугарија, NIT, EOS - Хрватска, EHO - Србија AIDRom, OAR - Романија, WAWY - Косово, CRNVO – Црна Гора) и други релевантни граѓански организации.

Проектот резултираше во подобар пристап до информации и вештини за соработка со медиумите и со целокупната јавност. Продукт на активноста беа 550 примероци на публикации објавени на 4 јазици: англиски (100 примероци), албански (150 примероци), српски (150 примероци), и македонски (150 примероци).

Проектот се состоеше од издавање на четвртиот број на публикацијата Балкански

граѓански практики, со наслов: Односи со медиуми – прирачник за граѓански организации. Прирачникот беше подготвен и објавен врз основа на резултатите од двете регионални обуки за медиуми (т.е. студии на примери произлезени од обуката) и сличниот прирачник подготвен од страна на ЦНВОС за потребите на словенечките граѓански организации. Прирачникот ги покри следните теми: важноста на односите со медиуми за ГО; комуникација со медиумите; организација на медиумски односи и настани; алатки и техники за односи со јавноста (вест во новини, интервју, прес конференција, и медиумска кампања). Прирачникот беше објавен на англиски и преведен на регионалните јазици, поточно на албански, српско-хрватски, и македонски. Ова овозможи подобар пристап за ГО до медиуми и нивно комуницирање со јавноста во нивните земји. Прирачникот е објавен и во електронски формат (на БНТ интернет страна) како и во печатена верзија (во 550 копии). Англиската (оригинална) верзија на прирачникот се состои од 56 страници во 195*240 формат, македонската верзија од 61 страница, албанската верзија од 59 страници, и српската верзија од 58 страници. Прирачникот беше дистрибуиран до организации кои учествуваа на обуката за медиуми и други партнерски организации во регионот. МЦМС ја дистрибуира публикацијата во рамките на 6-тиот НВО саем (16-17 ноември).